COUNCIL OF EUROPE CONSEIL DE L'EUROPE

***ЕВРОПСКИТЕ ДЕМОКРАТСКИ ДРЖАВИ ПРОСЛАВУВААТ***

# ДЕН НА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

***28.01.2007***



**Техничка помош за формирање
на Дирекција за заштита на лични податоци
и спроведување на принципите за заштита на податоци**

Technical Assistance to the Establishment of a Directorate for Personal Data Protection and Enforcement of the Data Protection Principles.
An EU-Funded Project Managed by the European Agency for Reconstruction

Техничка помош за формирање на Дирекција за заштита на лични податоци и спроведување на принципите за заштита на податоци.
Проект финансиран од ЕУ раководен од Европска Агенција за Реконструкција

## ЕВРОПСКИТЕ ДЕМОКРАТСКИ ДРЖАВИ ПРОСЛАВУВААТ

**Ден на заштита на податоци**
**28 Јануари 2007**

Заштитата на личните податоци е дел од правото на приватност, кое е едно од основните човекови права и слободи. Заштитата на приватноста е гарантирана со Европската конвенција за човекови права.

На 28 јануари 1981 година беше отворена за потпис Конвенцијата за заштита на лица во однос на автоматската обработка на личните податоци (ETC 108/81), а 25 години подоцна, во 2006 година овој датум беше симболично одбран за Ден на заштитата на личните податоци.

Заштитата на личните податоци е гарантирана со Уставот и со Законот за заштита на личните податоци донесен во 2005 година, а Конвенцијата за заштита на лица во однос на автоматската обработка на личните податоци е ратификувана на 24 март 2006 година, и со тоа стана дел од внатрешното право на земјата.

Како демократска држава, членка на Советот на Европа и земја кандидат за членство во Европската унија, нашата држава заедно со уште многу други европски земји, оваа година за прв пат го прославува Европскиот ден за заштита на личните податоци. На овој ден се организираат настани насекаде низ Европа, со цел подигнување на јавната свест за заштита на личните податоци, информирање на граѓаните за нивните права со што би им се овозможило остварување на истите на поефективен начин.

Прашањето за заштита на личните податоците е присутно во многу сегменти од секојдневното живеење: на работното место, во соработката со јавниот администрација, во здравството, кога купувате производи и услуги, кога патувате или сте приклучени на интернет.

Македонските граѓани треба да бидат информирани за нивните права и добрите практики поврзани со обработката на личните податоци. Европскиот ден за заштита на личните податоци има симболичен карактер, но сепак, е многу важен во секојдневниот живот на сите нас.

Надлежен надзорен орган кој се грижи за примената на овој закон е Дирекцијата за заштита на личните податоци. Мисијата на Дирекцијата е да обезбеди транспарентност и информираност на граѓаните за правото на заштита на личните податоци и целосна заштита на ова право од било какви злоупотреби при собирањето, обработката и чувањето на личните податоци на граѓаните, како и неовластени промени, уништување и пренос на личните податоци.

***Личен податок** е секој податок што се однесува на определено лице или на лице кое може да се определи.**Примери за лични податоци** се името и презимето на определено лице, местото на раѓање, датумот на раѓање, телефонскиот број, семејниот статус, сметката во банка. Личните податоци се клуч на приватноста на лицето.*

**Заштитете ја Вашата приватност**

**Две-третини (68%) од граѓаните на Европската унија не беа свесни за постоењето на независни надзорни органи кои ја следат примената на законот за заштита на податоци, примаат претставки од граѓани за злоупотреба на правото на приватност и изрекуваат санкции за прекршителите на Законот. (Евробарометар, Заштита на податоци, 2003 година)**

Постојат неколку основни принципи за заштита на Вашите лични податоци од кои што произлегуваат и Вашите основни права :

- Секој кој ги бара Вашите лични податоци, за да ги добие треба да ја има или Вашата согласност, или посебно овластување пропишано со закон;
- Внимателно прочитајте го документот кој Ви е даден од различни фирми и институции, на кој што треба да го ставите Вашиот потпис. Вашите лични податоци понатаму можат да се обработуваат само под услови наведени во тој документ;
- Информирајте се за деталите на обработката на Вашите лични податоци пред да ја дадете Вашата согласност;
- Имате право да знаете кои се Вашите лични податоци што ги собираат и обработуваат фирмите и институциите;
- Вашите лични податоци може да се чуваат одредено време, неопходно за исполнување на целта за која се собрани;
- Бидете внимателни кога го давате Вашиот матичен број;
- Вашите документи за идентификација (пасош, лична карта и др.) не смеат да се копираат;
- Бидете внимателни кога праќате лични податоци по електронски пат;
- Имате право на приватност (до одредено ниво) на Вашето работно место.

***Контролори*** *се сите министерства, органи на државна управа и други државни органи, кои обработуваат лични податоци, банки, осигурителни компании, компаниите во областа на телекомуникациите, здравствените установи, болниците и многу други.*

**Контакти на Дирекцијата за заштита на личните податоци**
**адреса: Самоилова 10, 1000 Скопје**
**телефон: 00 389 (0)2 3244 760**
**факс: 00 389 (0)2 3244 766**
**e-mail : info@dzlp.gov.mk**
**Web site: www.dzlp.gov.mk**

PROGECO
Progressus Omnium Gentium Communis